Ивана Сајко

# РИО БАР

Културна установа
Б Л Е С О К

ЕДИЦИЈА
*с.р.*
СОВРЕМЕН
Р О М А Н
*своерачно*

Copyright за македонското издание: © Културна установа Блесок, 2011.
Copyright of the translation: © S. Fischer Foundation by order of TRADUKI
Сите права се задржани.

Ниеден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на кој било начин без претходна писмена согласност на издавачот.

Оваа книга е објавена со поддршка на ТРАДУКИ, мрежа за книжевност во која членуваат Министерството за европски и меѓународни работи на Република Австрија, Министерството за надворешни работи на Федеративна Република Германија, Фондацијата за култура Про Хелвеција од Швајцарија, КултурКонтакт од Австрија, Гете институт, Словенечката агенција за книга и Фондацијата С. Фишер.

traduki

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје
821.163.42-31
821.163.42-31.09 Сајко, И.

САЈКО, Ивана
Рио бар / Ивана Сајко ; превод од хрватски Игор Исаковски. - Скопје : Блесок, 2011. - 136 стр. ; 21 см. (едиција ***с.р.*** ; кн. 20)

Превод на делото: Rio bar / Ivana Sajko. - Паралелни светови / Алида Бремер: стр. 123-130. - Белешка за авторката: стр. 131

ISBN 978-9989-59-355-0
I. Sajko, Ivana види Сајко, Ивана
а) Сајко, Ивана (1975-) - „Рио бар“ - Критики и толкувања
COBISS.MK-ID 88543754

**Ивана Сајко**

# РИО БАР

Превод од хрватски:
**Игор Исаковски**

Културна установа
Б Л Е С О К
2011

*Пијам во Рио бар.*

*И пишувам роман во кој пијам во Рио бар.*

*И пишувам текст „Осум монолози за војната за осум глумици облечени во венчаници“.*

*И пак пијам.*

*Подобро нешто да јадам.*

# 1.

Секој има своја приказна која почнува: Првиот пат сè е како во сон...

А ние не се снајдовме најдобро. Кога првата граната ќе ја пробие ноќта, човек мисли дека сè уште спие: во пижама е, во главата тишина, под клепките мрак, во устата вкус на паста за заби и сè упатува на блажена несвесна состојба. Човекот, велам, мисли дека сонува, а во сонот се вовлекува немир, му ’рчи на увото, го фрла низ испотената постелнина, отвора понори среде креветот и тој упаѓа во бездната која му се распукала на сопствениот душек. Но, спијачот и понатаму е уверен дека ќе се разбуди, зашто кога кошмарот ќе стане најлош – човекот секогаш се буди. Затоа се плиска, ја слекува пижамата, ги собува влечките и еве го, безглава кокошка која гола и боса се растрчува низ запалениот двор, но сепак ниту се буди ниту главата ѝ се враќа на место. Тревогите завиваат како мачки среде парење, полошо отколку онаа ебежлива мачка која пролетта мораа да ја удават зашто не престануваше да завива ни после третиот коитус. Така мјаукаат тревогите со полни гради, и човек ги слуша и се потсетува и на мачките и мачорите, и на пластичната вреќа во која ги врзаа, и на каменот кои го ставија преку и на потокот каде сето тоа се случи, но сепак не се буди. Првиот пат сите се движат како месечари, не можат ни да вреснат, би сакале, но сонот не им дава, би сакале и да трчаат, но ни тоа не го можат, кутрите спијачи, туку само тапкаат низ своето забавено сомнамбулно бегство, збивтаат, губат здив и ја губат надежта дека ќе најдат некое засолниште за тоа купче месо потонато во сништа. Првиот пат секој очекува дека во еден миг сепак ќе засвони будилникот зашто НЕ Е БЕЛКИ...[1]

Првата тревога ја надгласува музиката за танц. Валцер. Се вртиме во обрач од насмеани деверици и поднапиени кумови. По носот ме скокотка рузмаринот од неговиот ревер. Мелодијата нагло се менува. Сирени? Сирени!!! Му шепотам – не е белки... –

трипати во увото му загризувам со истото прашање: не е белки... не е белки... не е белки...

На третото повторување тој ми исчезнува од прегратката.

Кумовите лежат наоколу во парчиња.

И понатаму се смеат.

Баш како во сон, ништо не разбирам.

Мачките завиваат.

Стојам под довратникот зашто така ме научија на школо.

Првиот пат, значи, треперам под довратникот обидувајќи се да се сетам на упатствата за евакуација: во случај на земјотрес или бомби треба да се засолнеме под носечки ѕид или под довратник. Ме учеа и на други корисни работи, но не внимавав, не верував дека некогаш би можел да ми затреба тој осамен довратник над кој гракаат авиони кинејќи го звукот во громогласни парчиња. Остани неподвижна – си велев – прави се мртва – ѝ давав упатства на сопствената глава која откажуваше послушност – чекај помош – но главата сакаше да биде некаде другаде, далеку, нурната во перницата од постелата подготвена за првата брачна ноќ, а не под довратник во запалена зграда. Ме тресеше паника, јуреше низ мене од стапалата до темето, ми палеше петарди во колената, па чевлите сакаа да трчаат сами од себе. Впрочем, тревогата е идеална прилика за аеробик: трчај, скокни, падни, ползи, стани, трчај, бргу, побргу, набиј кондиција!, ми врескаа в уво моите чевли, моите нозе заедно со мускулфиберот на заиграната венчавка, врескаа и  моите свилени чорапи заедно со синиот килот: бегај, ебате, додека не те убило!!!

НО КАДЕ?!!

Така беше тоа првиот пат.

Но каде? – прашав кога стигна помошта – каде одам јас? – додека по тесните скалила се симнувам во подрум натрупан со гурелави цивили, со нивниот рачен багаж и хистеричните деца. Ни скокаат врз главите, се провлекуваат низ нозете, си го бараат своето какао, кекс и цртан, ама денеска нема да има цртани, нема да има ни телевизор, од денеска, всушност, веќе нема ни преда-

вател. Но нема смисла на дете да му се објаснуваат детали и да му се докажува дека вака можеби и му е подобро зашто сите гомненишти на светот почнуваат токму од тој цртан кој редовно се врти на програмата пред централните вести. Сето ова почнува кога Том ќе напика динамит во глувчовата дупка на Џери и ќе го скалпира со косилката за трева, а овој потоа ќе му ги скрши прстите со клавирскиот капак, ќе му ги запали влакната во ушите и на крајот ќе го прегази со валјак за асфалт. Залудно е тоа да им се кажува на децата зашто и тие најмногу би сакале да му ги искорнат мустаќите на Џери или да го акнат Том со вжарен тиган по муцката, на тие деца кои одамна не ја ебат размената „леб наместо камен", туку враќаат со иста мерка, баш како што и би ми вратиле кога не би имале ембарго на увозот на оружје, па затоа да не бидеме лицемери и да ги оставиме децата да врекаат. Тој прв пат, никој не го смирува детскиот хор додека го оплакува цртаниот, телевизорот и предавателот, т.е. кога од петни жили најавува ra-ta-ta-ta-ta-rat!

Првиот пат, значи, сѐ е баш како во сон. Длабоко сме под земјата: жени, деца и старци. Секоја детонација од површината нѐ тера уште подлабоко – се симнуваме право во желудникот на планетата. Риеме како кртови ослепени од тој гаден кошмар. Можам да опишам, со едната рака ја пипкам треперливата полутемнина околу себе: влажни ѕидови, рапави површини, челична волна, метална врата, нечиј задник, простете, но некои полуслепи раце исто така изгубено пипкаат по мене, ме грабаат за облеката и ме молат да ги водам напред. Надолу. Слепа го водам слепиот и ги придржувам скутовите од фустанот, својата бела бесмислена венчаница која сепак се заплеткува, се кине и се пара – кретени, пазете кај одите! – пцуе мојот ѕвонолик фустан, мојата размазена свила и тантелите и превезите додека цркнуваат под испаничените ѓонови. Ебено мачен е тој сон.

За првпат сум толку длабоко, толку пригмечена и толку мртва – како вреќа со песок фрлена во бунар низ која ријат овие преплашени кртови. Безглаво ме раскопуваат, дупчат, длабат, толку занесени со сопственото закопување што и не сфаќаат дека веќе

сме цементирани до грлото и преку, па ништо веќе не може да ни се случи. Ништо! Ништо е фантастичен збор и со него се смируваат како дресиран пес на заповед: седни! Баш ништо повеќе немаат, кутрите животинки. Сиот имот им е набрзина спикан во пластична кеса која ја стискаат врз колениците, а во неа само неколку сентиментални пиздарии. Ништо повеќе немаат освен земјата во која наслепо се вкопале, н-и-ш-т-о, пелтечат тие рудари налик на глувци и покажуваат кон бушавите остатоци од остатоците од мојот свадбен кок зашто токму така им се урнала куќата. Без никаков проблем, полека, како и на сите навиклерени локни, вештачките бисери вплетени во кренатите прамени и платнените цветчиња напикани долж мојот тил, се накривија и се урнаа како да ги држела само една единствена шнола.

Каде сум? – пак прашувам.

На сигурно – велат упатените – се наоѓаме во атомско засолниште предвидено за засолнување пред софистицирано оружје – нагласуваат гордо – имаме километри армирани тунели, отвори за воздух, сопствено енергетско напојување, складишта за вода и санитарни јазли од квалитетна пластика, а секој има право на своја гас маска и кревет на кат.

А секој кат е едвај дваесетина сантиметри висок, па затоа треба добро да ги залепиш образите врз жичното легло и плитко да дишеш и да се воздржуваш од кивање, кашлање и псуење и, ако е можно, да задржиш каква-таква смисла за хумор па да треснеш дека на сардините во конзерва несомнено им е многу полошо, зашто ние сме живи, а тие се мртви. И не е важно што никој не се смее, но навистина ни е подобро отколку на конзервираната сардина или на прегазениот мачор Том, подобро ни е отколку на нашите мртви дедовци кои го изградиле сиот овој подземен комфор и ни го оставиле во наследство.

Треба да се каже – фала.

Да, фала, зашто го ископале со сопствените раце, нашите рударски предци, бидејќи знаеле дека не треба да се гради во височина, туку во длабочина. Го знаеле тоа нашите вредни старци и

затоа ни изѕидале гробници. Прашање на време е кога ќе зарика сирената од своето волчешко грло – мислеле – и кога ќе ни треба секоја визба, ров или камен под кој можеме да ги скриеме лудаците. И ние бевме такви – сентиментално се сеќаваа на сопствената историја тие древни предци – се степувавме за Том и Џери, за пиздарија, па и на нив, на нашите потомци, ќе им биде доволно што соседот има поголема плата, што неговите синови менуваат патики како чорапи и што жена му се фризира еднаш неделно додека нивните над лавабото ја сафтаат косата со кана, тоа ќе им биде сосем доволно да ги стиснат тупаниците. Но отпрвин нема да прават ништо. Ќе продолжат да зјапаат во телевизијата и ќе чкрипат со забите во фотелјата.

Се разбирале подобро во нашиот карактер отколку во мешање бетон, тие итри старци, а треба да им се признае дека мешале бетон на сите континенти и дека токму тие ги кренале високите мегалополиси ширум светот... па и пошироко. А ги граделе за нас, добрите дедовци ѕидари, надевајќи се дека некогаш ќе се опаметиме, ќе се угледаме на прогресивните нации и ќе најдеме чесна работа токму во тие облакодери. И не дека ова го кажувам без иронија. Планирале да се грижиме за инсталациите, да ги чистиме тоалетите, да ги метеме ходниците, да ги поправаме лифтовите, да ги миеме прозорците и да го чуваме на нивните плускавци делото. Но сеедно стравувале дека бргу ќе ни скурчи таквиот леб, зашто нема да ни дава мир она што сме го виделе на телевизија, она што Том му го стори на Џери, па ќе се вратиме во дворот на соседот и ќе заклучиме, неминовно и луто ќе заклучиме, дека соседот ни е крадец, дека жена му е курва, а децата џган зашто крушката под круша паѓа. И тоа одново ќе биде доволно за пак да се securityаниме со тупаници и да ја исклештиме вилицата. Сето тоа го знаеле нашите мудри дедовци, па дури и претпоставувале дека соседот ги гледал оние исти цртани и дека го дели сличното мислење, т.е. дека неискажливо го иритира што возиме побрзи автомобили, што жената ни има поголем газ од неговата и што децата не ни знаат табличка множење, но сепак ќе ги запишеме

на факултети – па на соседот сè ќе му стане јасно. Ќе му стане јасно дека и ние сме крадци, курви и џган стопати полош од него самиот.

А кога сето тоа ќе го сфатиме, се грижеле метузалемите, нашите улици на периферијата ќе ни станат претесни и ќе мораме да ги менуваме адресите: некои на небо, а некои под земја во кртечини. И затоа ни изградиле атомски засолништа, нашите досетливи старци, а не онакви стаклени облакодери кои се уриваат како мојот кок за време на првата тревога.

Долг е тој сон, ебано е долга таа прва тревога и трае и трае и трае, и тибам, трае и тука нема помош. Човекот конечно се буди, но многу полека, речиси плашливо, грбот му е вкочанет и полн му е меурот. Сфаќа дека не може да се истегне, дека пластичните санитарии веќе се наполниле со измет и дека евентуално би можел да се измоча во шише, па додека така моча во стакленото грло и зачудено ѕури во своето утро цементирано во атомското засолниште, тој, сè уште поспан, недолжен сè уште, но не и за долго, се обидува да разбере каде се наоѓа. И сите му објаснуваат каде е, баш како што и на мене ми објаснија поаѓајќи од дамнешни дамнини, задавената мачка, дедовците и облакодерите, но јас сепак, како и оној помочаниот, ништо не разбирав освен дека од мојата позиција на мртовец тесно конзервиран со останатите мртовци повеќе немам место за разбирање.

Кога, значи, конечно ќе се разбудиме, раните ни се веќе отворени. Многу крвавиме па јас подготвено ја кинам венчаницата во бели ленти и кројам крвави завои и менструални влошки. За среќа, крв ни снемува пред да го искинам целиот фустан. А без крв, како и без вода, почнуваме да се сушиме и губиме, зашто човечката природа е практична, а и човек може да се смали многу повеќе отколку што отпрвин би поверувал. Затоа и на мене ми се стегаат жилите и желудникот, ми венат јајчниците, а од црвените цветови на мојата плодна градина со ружи паѓаат латици, накусо се одржуваат неколку спечени пупки, но и тие исчезнуваат во кафеавкасти кожурки кои при допир се распаѓаат во прав. И јас,

значи, се сушам, како физички така и симболички, во смуртен и смрдлив трн. На крајот, единствено уште смрдам и бодам.

Така е тоа првиот пат, можам да опишам, можам да сведочам, зашто првата тревога ја запомнив подобро од првиот бакнеж. Таа ми е херметички затворена во главата како човек во сандак: ништо не чувствува, тапа е и тврдоглава како мумија, само старее и станува сè погрда, погрда и погрда. Но јас повеќе не се плашам од мртовците расфрлани низ главата и посеани низ градините, не се плашам, туку ги помнам. Знам дека тоа не е здраво ниту паметно... и не е во склад со политиката. Но бројам и помнам.

## 2.

– Што би сторила ако ти ја урнат куќата?
– Немам куќа.
– Одговори на прашањето.
– Глупо прашање.
– Ти си глупа. Што би сторила ако ти ја урнат куќата?
– Би простила.
– Не би.
– Би.
– Не би.
– Би. Би простила.
– Гледаш дека си глупа.
– А ти, што би?
– Би барал отштета.
– Ми се блуе.
– Менуваш тема.
– Затоа што ми се блуе.
– Често ти е вака?
– Ретко.
– Пред малку блуеше.
– Тоа беше вчера.
– Не, денеска.
– Добро, денеска.
– Не ти е срам?
– Не.
– Зошто ти треба тоа?
– Не ми треба. Не знаев дека ќе ми се слоши.
– Немаш мерка.
– Не.
– Контролирај се.
– Поради што?
– Изгледаш ужасно.

– Лош ден.
– Стварно ужасно.
– Имаше некаква намера?
– Со тебе? Не.
– Па што ти е тогаш гајле?
– Само кажувам дека си пијана.
– И ти си.
– Тоа не е исто.
– Е.
– Не е.
– Ќе ме возиш дома?
– Плати си такси.
– Немам пари.
– Веќе ти платив пијачка.
– Веќе ти реков фала... едвај стојам.
– Немам намера да те возам.
– Па немој.
– Немаш никој друг?
– Можам со автостоп.
– Ќе завршиш у дупка.
– Се секираш?
– Не се секирам. Гледам.
– Што?
– Си ја повредила ногата.
– Палецот. Згазнав на стакло.
– Крвави.
– Не боли.
– Не е смешно.
– Не е.
– Па што се клештиш?
– Врска немам.
– Секогаш така се клештиш?
– Често.
– Ти си у курац.

– Весела сум.
– Зошто?
– Не знам.
– Што испи?
– Не е од тоа.
– Сигурно не ти е срам?
– Може малку.
– Малку е доволно.
– Мене не ми е.
– Ќе те возам.
– Фала.
– Не дупи.
– Што кретен си ти.
– Тогаш оди сама.
– Па и ќе... утре.
– Ја мајката?
–Утре одам.
– Каде?
– Далеку.
– Прашав, каде?
– Сеедно.
– Ако е сеедно, можеш и да останеш.
– Не можам.
– Оди де.
– Засекогаш.
– Оди де, засекогаш.
– Не ти е жал?
– Зошто би ми било жал?
– Така.
– Не.
– Драго ти е?
– Баш ми е гајле.
– Лошо ми е.
– Сама си крива.

– Не сум.
– Па кој ти е крив?
– Не знам.
– Ни јас не знам.
– Што да правам?
– Снајди се.

# 3.

Според прашалникот за самодијагностика на алкохолизам, таа е болна. На прашањето дали чувствува каење поради пиењето, одговара негативно. Прашањата дали пиењето ги расипува нејзиниот семеен живот и работните односи ги прескокнува, но на прашањата дали му штети на нејзиниот углед, дали ги намалува нејзините амбиции и продуктивноста, делува ли на нејзиното сеќавање и сон – одговара позитивно. А на самодовербата? Да. Прашалникот уште се интересира дали пие сама, пие ли наутро и се движи ли во помалку вредно друштво откако тоа го прави.

Да, да и секако. Таа е опкружена со кретени и мафија.

И што сега?

За почеток, нека го врзе појасот.

С.М. ја вози дома по патот кој кривули покрај морето. Таа ѕури во неонските одблесоци на хотелските реклами кои се прпелкаат во водата создавајќи ѝ мачнина. Потоа се паркираат на мрачното паркиралиште, виткаат џоинт, пушат, водат љубов, ма ѓавола, се ебат, никогаш повеќе, се плеткаат, ја тормозат ноќта, ѕурат кон градските светла кои ги голтаат сите облици освен сопственото сјаење,

тој вели: ебате,

таа вели: молам?,

тој: ништо,

не ја интересира зошто тој воздивна, не му поставува одвишни прашања, тој не зборува сам и не го бара нејзиното мислење, и понатаму ѕурат во неонското ноктурно нурнато во морето, ги исцртуваат силуетите на бродовите и блиските острови, таа гледа и кон ѕвездите, брои па се откажува, дискретно, да не испадне дека форсира некаква романтика.

Што друго би можеле? Не може да смисли друга опција.

Плус тоа – не е во позиција да ги бира пријателите.

Ова никаде не води.

Ѝ се блуе.

Сепак, ќе се обиде да остане во неговиот автомобил што е можно подолго, пред да ја проголта креветот во кој не знае што да прави со себе. Не смее да легне зашто алкохолот ќе ја преврти наопаку: ќе ја држи за нозе и ќе ја тресе како мамка на јадица над длабока бездна. Претпоставува што би можело да се случи, затоа мора да го испразни желудникот и да стигне дома донекаде трезна.

С.М. би требало да ја исфрли од автомобилот зашто му ги изблу навлаките, но веројатно чувствува сомилост. Или нешто слично. Таа се извинува и со шамиче рие по седиштето.

Не е јако. Ќе испари. Не знае што да би му рекла.

Тој ја игнорира и зјапа кон силуетата на градот.

Подобро да замолчи.

Тоа и онака е вотка. Не смрди.

Подобро да замолчи.

Нема да останат дамки.

У пичку матер, подобро да замолчи!

И таа потоа гледа нанапред. Ја печат очите. Веќе е доцна. Всушност, рано. Средиштето на стариот град стрчи од морето како назабен каменен срт. Секој сантиметар му е искапан со моторно масло, посран со птичји гомна, замастен од кармин или слепен со сладолед, изгребан со потпетица или со нечиј браник, секој сантиметар денонокно се валка и се светнува, секој вреди по неколку илјади, а цените и понатаму раснат, секој е продаден и купен стотина пати... или барем е изнајмен, секој повеќекратно се исплател и затоа пред секој стои насмевнат трговец кој и понатаму го продава.

С.М. ѝ зборува дека така повеќе не може. Сите би сакале да заработат, ама не може! Се знае кој прв дошол. Тие! Историјата започнува кога тие го населуваат брегот, влегуваат во првите инвестиции, добиваат кредити и се занимаваат со угостителство. Тоа се смета за почеток на цивилизацијата. Изградија туристички населби, коцкарници и ги натрупаа улиците со ресторани. На град-

ските приоди заковаа патокази кои го рекламираат нааајсиното море и нааајубавиот град на светот. Златно доба. Се знаеше кој плаќа и кој заработува. Но, една туристичка сезона, наместо странците дојде војната, а после неа и демократијата. Старите патокази ги здогледаа бегалци во потрага по засолниште. Со себе довлечкаа постелнина и бројни роднини и се напикаа во хотелските соби и апартмани. Ги испреварија со својата беда, нагонот за преживување и им поебаа уште една туристичка сезона. Домаќините се повлекоа зад поштенските сандачиња, со грозење ѕиркаа низ прорезите не знаејќи како да ги избркаат дојденците. Броеја загуба врз загуба, чекаа некоја посреќна туристичка сезона и побогати странски жени кои некогаш доаѓаа да се дупат, да поцрнат и да потрошат пари. Тоа беше разработено сценарио, но го попречија полудивите дојденци со одлука да останат и опстанат во нааајубавиот град. И не беа единствени. Демократијата на сите им даде еднакви права, почнаа да се делат привилегии, што јавно – што тајно, а отворените граници го повикуваа странскиот капитал, исплатливите вложувања и креирање на меѓународен пазар. Интерес покажуваа сите упатени во брзата заработувачка низ транзициските земји, тамошната евтина работна сила, матната приватизација и неискористените суровини. Во таа ситуација, и домаќините мораа да ја менуваат стратегијата. Го изгубија правото на првенство. Никој повеќе не ги прашуваше за потеклото, историјата и традицијата, туку само за заштедата која одамна ја беа потрошиле. Повторно со надеж ја чекаа новата туристичка сезона, но кога дојдоа странските жени, не беа заинтересирани за секс и море, туку за недвижнини. Профит. Изнакупуваа куќи, плажи и фабрики. Се одомаќија, ширум ги отворија прозорците и на нив почнаа да сушат долна облека. Нивните гаќи секојдневно му се клештат в лице. Нивните гаќи му капат врз главата и му ги корнат нервите. Нивните гаќи го прегласаа на локалните избори и нема што да се жали. Па сепак, тие не се единствените. Сега сите видови странци и дојденци ги трошат локалните ресурси, ја кројат правдата, ја бројат заработката, ја умножуваат приватната

сопственост, бараат еднаквост и даночни олеснувања, врекаат на непознати јазици и ги ебат домашните девојки. Се туркаат, се лактаат и се множат. Свињи – повторува С.М. – смрдливи свињи. Сега се раѓаат деца со свински глави или со извиткан опаш на газот.

– Сите треба да се убијат!

С.М. тоа не може да го мисли сериозно. Војната веќе со години е строго забранета и оружјето е вратено. Поминаа десет години. Сега сите заинтересирани страни мораат да живеат заедно, но не знаат од каде да го почнат експериментот.

– Да, експеримент! Тоа е добар збор.

Не успеа првиот пат. Не успеа ни вториот пат. Па не е чудо што се чувствуваат како бели стаорци во кафезот на лабораторијата која ќе одлета во воздух. Лошо спијат. Заработуваат кришум. Ги ослушнуваат ноќните звуци. Не му веруваат ни на сопствениот брат. Чекаат кога ќе започне бељата. Нема тоа да биде ништо големо – само судир на економски интереси изразен низ синџир од несреќни околности.

Премногу усти на една цицка. Ете!

Таа тоа го знае зашто сето тоа веќе го чула.

Време е да тргнат.

Според нејзина проценка, С.М. ѝ припаѓа на локалната мафија: би можел, на пример, да има неколку спортски обложувалници или кафе бар кој работи во лажен минус, би можел да шверцува цигари и копии на дизајнерска облека. Покрај тоа, би можел да има безимен газда за кого ги наплаќа каматите од задолжените деловни луѓе и препродава оружје заостанато од повоената заплена, потоа, би можел да ги има нејзините години, вонбрачно дете и вишок пари кои не го веселат. Не мора да биде вистина – ама така ѝ делува.

А според неговата проценка, таа спаѓа меѓу оние дојденци без сопствен дом и семејно педигре, веројатно и со факултетска диплома која никогаш нема да ѝ треба, без постојана работа е и без концентрација за солидно да се зафати за едно нешто, затоа повторува дека сите луѓе се еднакви и сите имаат исти права,

стравувајќи дека за своите нема да знае да се избори. Се прави паметна. Врска нема што зборува. А при тоа сигурно се обидува да се омажи, но никогаш такво нешто не би признала. Сигурно вели дека сака да се заљуби, но вистина е дека само чека некој да се заљуби во неа, зашто таа кутра пијаница мршава и онака ќе се вљуби во првиот кој што ќе ѝ обрне малку повеќе внимание. Можеби тоа и не е вистина, но С.М. со неа сепак нема да биде особено внимателен.

За секој случај.

Не треба да се експериментира.

Таа се согласува.

Знае дека нема уште долго вака, особено зашто тоа утро некој ќе го убие С.М.

Никогаш повеќе нема да ја вози на спиење.

Ниту ќе ја отрезни со шлаканица.

Ниту ќе ѝ каже дека сепак не е толку лоша.

Никогаш повеќе нема да седи до зора во автомобил со спуштени прозорци, слушајќи ги брановите на морето, оддалеченото градско грвтање, глумејќи дека се чувствува како дома и дека С.М. не мисли сериозно.

*Не смеам да откријам кој е тој.*